**20260330528**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 50-б став (3) од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на ден 17 февруари 2026 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ, КАКО И НАЧИНОТ НА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНО СПОРТСКО ПРИЗНАНИЕ ЗА ВРВНО СПОРТСКО ОСТВАРУВАЊЕ И ВИСИНАТА НА ПАРИЧНИОТ НАДОМЕСТОК

Член 1

Со оваа уредба се уредуваат поблиските услови, како и начинот на доделување на национално спортско признание за врвно спортско остварување и висината на паричниот надоместок.

Член 2

(1) Национално спортско признание се доделува на спортисти од индивидуалните и екипните спортови за врвно спортско остварување во олимписки и параолимписки спортови како признание за:

- освоен златен, сребрен и бронзен медал, односно за освоено прво, второ и трето место на олимписки и параолимписки игри и на шаховски олимпијади (резултат остварен во финале на прва табла);
- освоен златен, сребрен и бронзен медал, односно за освоено прво, второ и трето место на официјални светски и европски сениорски првенства од највисок степен во олимписки и параолимписки спортови;
- освоен златен медал, односно, за освоено прво место на официјално европско или светско сениорско клупско првенство од највисок степен во екипните олимписки спортови и
- остварен резултат кој е светски или европски рекорд во олимписки спортови остварен на официјален меѓународен натпревар.

(2) Покрај условите од став (1) на овој член, националното спортско признание за врвно спортско остварување во екипните олимписки, параолимписки спортови и шаховски олимпијади се доделува на спортистите под услов вкупниот број на натпреварувачи во одделни спортови да е во согласност со пропозициите на меѓународниот натпревар.

(3) Национално спортско признание за врвно спортско остварување во неолимписки и непараолимписки спортови се доделува на спортисти за основен златен медал, односно за освоено прво место на официјални светски и европски сениорски првенства од највисок степен во неолимписки и непараолимписки спортови кои во Републиката имаат подолга традиција односно кои ги застапуваат национални спортски федерации кои реализираат национален систем на натпревари и нивни спортисти учествуваат во натпревари во поединечна конкуренција во рамки на меѓународен систем на натпревари организиран од страна на соодветните меѓународни спортски асоцијации во период подолг од 20 години.

(4) По исклучок од став (3) од овој член, национално спортско признание за врвно спортско остварување во боречките неолимписки и непараолимписки спортови, се доделува на спортисти за освоен златен медал односно прво место на светски и европски сениорски првенства од највисок степен со најмалку три последователни победи (борби) како и со учество на повеќе од половината земји членки на меѓународната европска спортска асоцијација која ги организира европските првенства, но не помалку од 22 земји и повеќе од половината земји членки на меѓународната светска спортска асоцијација која ги организира светските првенства, но не помалку од 44 земји.

Член 3

(1) Национално спортско признание се доделува за освоен медал на:
- официјални светски сениорски првенства од највисок степен за спортови кои се на Програмата на олимписките и параолимписките игри;
- официјални европски сениорски првенства од највисок степен за спортови кои се на Програмата на олимписките и параолимписките игри;
- Davis Cup во машка конкуренција и Billie Jean King Cup во женска конкуренција во тенис и Invecare world team cup во тенис за спортисти во инвалидски колички;
- официјални светски сениорски првенства од највисок степен за спортови кои не се на Програмата на олимписките и параолимписките игри, а во Република Северна Македонија имаат подолга традиција и
- официјални европски сениорски првенства од највисок степен за спортови кои не се на Програмата на олимписките и параолимписките игри, а во Република Северна Македонија имаат подолга традиција.

(2) Олимписки и параолимписки спортови се спортови кои се на Програмата на Летните и Зимски Олимписки и Параолимписки игри, прифатени и утврдени од Меѓународниот Олимписки Комитет и Меѓународниот Параолимписки Комитет.

Член 4

(1) Македонскиот олимписки комитет до Министерството за спорт доставува список на предложени спортисти за доделување на национално спортско признание и документација за предложените спортисти од национални спортски тимови, кои освоиле медал односно место од член 2 од оваа уредба на олимписките и параолимписките игри.

(2) Националните спортски федерации до Министерството за спорт доставуваат список на предложени спортисти за доделување на национално спортско признание и документација за предложените спортисти од национални спортски тимови кои освоиле медал односно место од член 2 од оваа уредба на европските и светските првенства, шаховски олимпијади, неолимписки и непараолимписки спортови.

(3) Документацијата од ставовите (1) и (2) на овој член особено треба да содржи: билтен од меѓународниот натпревар; годишен календар на натпревари од соодветната меѓународна спортска асоцијација за годината кога спортистот го остварил основот за стекнување национално спортско признание; државјанство на Република Северна Македонија стекнато во моментот на освојување на медалот; доколку е остварен рекорд и официјален записник за рекордот; име и презиме на стручното лице-тренер кој го води спортистот или националниот тим; адреса; електронска пошта; веб страна на меѓународната спортска асоцијација и други податоци што се значајни за остварениот резултат.

(4) Во случај спортистот на ист натпревар да оствари повеќе медали кои претставуваат основа за доделување на национално спортско признание, се доделува само едно признание за највредниот медал на истото натпреварување.

Член 5

1. Национално спортско признание се исплаќа по навршување на 40 години од животот на еден спортист.

2. Национално спортско признание се доделува само еднаш на еден спортист.

3. Национално спортско признание има траен карактер и доживотно му припаѓа на спортистот.

Член 6

(1) Висината на месечниот паричен надоместок за остварувања на олимписки и параолимписки игри и шаховска олимпијада, изнесува:

- за освоен златен медал или прво место, 1,5 просечна месечна нето плата, исплатена во Републиката во претходната година;
- за освоен сребрен медал или второ место, 1,3 просечна месечна нето плата, исплатена во Републиката во претходната година;
- за освоен бронзен медал или трето место, 1,2 просечна месечна нето плата, исплатена во Републиката во претходната година.

(2) Висината на месечниот паричен надоместок за остварувања на светски првенства во олимписки спортови изнесува:

- за освоен златен медал или прво место, 1,4 просечна месечна нето плата, исплатена во Републиката во претходната година;
- за освоен сребрен медал или второ место, 1,2 просечна месечна нето плата, исплатена во Републиката во претходната година;
- за освоен бронзен медал или трето место, 1, 1 просечна месечна нето плата, исплатена во Републиката во претходната година;
- за освоен златен медал или прво место на светско сениорско клупско првенство од највисок степен во екипните олимписки спортови, 1, 1 просечна месечна нето плата, исплатени во Републиката во претходната година.

(3) Висината на месечниот паричен надоместок за остварувања на европските првенства во олимписки спортови изнесува:

- за освоен златен медал или прво место, 1,3 просечна месечна нето плата, исплатена во Републиката во претходната година;
- за освоен сребрен медал или второ место, 1,1 просечна месечна нето плата, исплатена во Републиката во претходната година;
- за освоен бронзен медал или трето место, 1 просечна месечна нето плата, исплатена во Републиката во претходната година;
- за освоен златен медал или прво место на европско сениорско клупско првенство од највисок степен во екипните олимписки спортови, 1 просечна месечна нето плата, исплатена во Републиката во претходната година.

(4) Висината на месечниот паричен надоместок за остварувања на светски првенства во неолимписки и непараолимписки спортови изнесува:

- за освоен златен медал или прво место, 1,1 просечна месечна нето плата, исплатена во Републиката во претходната година.

(5) Висината на месечниот паричен надоместок за остварувања на европски првенства во неолимписки и непараолимписки спортови изнесува:

- за освоен златен медал или прво место, на европски првенства, 1 просечна месечна нето плата, исплатена во Републиката во претходната година.

(6) Висината на месечниот паричен надоместок за национално спортско признание за спортисти кои оствариле европски или светски рекорд во олимписки спортови изнесува 1,5 просечна месечна нето плата, исплатена во Републиката во претходната година.

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба, престанува да важи Уредбата за определување на условите и начинот на доделување на национално спортско признание за врвно спортско остварување и висината на паричниот надоместок („Службен весник на Република Македонија“ бр.127/08 и бр.82/16).

Член 8

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-1864/5
17 февруари 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.